АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 08-06.2016 | | |
| --- | --- | --- | --- |
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 3121 | 1 | |


**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** контролен;

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот:** 13 мај 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот:** 8 јуни 2016 година;

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (заштита на малолетните лица од програми што би можеле да му наштетат на нивниот физички, психички или морален развој);

   - **Правилник за заштита на малолетните лица** („Службен весник на Република Македонија" бр. 172/14);

6. **Претходно изречена мерка:**

   *На 28.03.2016 година, за непочитување на членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на член 16 и член 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица, директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе решение за изрекување мерка – опомена (Уп1 бр.03-219, 28.03.2016 година) на Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје;*

   *Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението (31.03.2016 г.), да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

7. **Констатации од надзорот:**

   Со контролниот надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, емитуван на 13 мај 2016 година, на државно ниво, **констатирано е дека субјектот на надзорот (радиодифузерот) <u>не постапил по решението</u>** за изрекување мерка – опомена *(Уп1 бр.03-219, 28.03.2016 година)*, односно и понатаму ги прекршува член 50 став

3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица.

На 13 мај 2016 година, телевизискиот програмски сервис на ТВ СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, репризата на 147 епизода и премиерата на 148 епизода од серијалот „Црната роза" ги емитуваше погрешно категоризирани како програма од втора категорија (8+) што не се препорачува за деца под 8 години. Репризата на 147 епизода од серијалот ја емитуваше и во несоодветен програмски термин, во периодот од 14 до 17 часот.

Поради чести и долготрајни драматуршки смисловно заокружени глетки и сцени на експлицитно прикажано вербално и психо–физичко насилство, според насоките од Правилникот за заштита на малолетните лица овие епизоди требало да се класифицираат како – Програма од трета категорија (12+), што не се препорачува за деца под 12 години, за која е неопходен надзор од родител/старател, а може да се емитува само во периодот од 20:00 до 05:00 часот.

**13 мај 2016 година**

| Наслов на емисија | Период на емитување | |
|---|---|---|
| | Почеток | Крај |
| „Црната роза", реприза на 147 епизода | 14:57:37 | 16:59:07 |
| **Опис на прекршувањето:**<br>Серијата е погрешно категоризирана како програма од Втора категорија (8+) и се емитува во несоодветен временски период од денонокието. | | |

**13 мај 2016 година**

| Наслов на емисија | Период на емитување | |
|---|---|---|
| | Почеток | Крај |
| „Црната роза", премиера на 148 епизода | 21:15:31 | 22:48:28 |
| **Опис на прекршувањето:**<br>Серијата е погрешно категоризирана како програма од Втора категорија (8+). | | |

8. Опис на прекршувањето:

**Спротивно на член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица**, на телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје, на 13 мај 2016 година, серијалот „Црната роза" е означен со погрешна предупредувачка сигнализација, а репризното издание е емитувано во несоодветно време од денонокието.

## 9. Предлог мерка:

- И покрај решението за изрекување мерка опомена донесено на 28 март 2016 година, телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво Телевизија СИТЕЛ ДООЕЛ Скопје не ја отстранил повредата, односно продолжил со вршење на истата повреда на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

  Оттаму:

- Директорот на Агенцијата да поднесе барање за поведување на прекршочна постапка.

***Сектор за програмски работи***